РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 18-17817/9
22-12-2021 20 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ

## за V одделение

Скопје, 2021 година

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Македонски јазик за учениците од другите заедници |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | V (петто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Јас, моето семејство, домот и моите пријатели<br>• Училиште, место на живеење, интереси и слободно време<br>• Нашето тело, здравје и исхрана |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • компјутер, печатач, проектор, табла, постер<br>• фотографии, слики, предмети, стикери<br>• материјал за изработка на роденденски честитки/а, хартија, ножици, хартија во боја, лепак, блокови, пластелини, дрвени боички, фломастери. |
| **Норматив на наставен кадар** | • Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности како втор главен предмет, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• Македонски јазик и книжевност, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС; (поранешна група Историја на книжевностите на СФРЈ)<br>• Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• Општа и компаративна книжевност, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС; |

| | |
|---|---|
| | • Македонски јазик и јужнословенски јазици, друга насока (VII/1 степен т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа;<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност, друга насока (VII/1 степен т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа;<br>• Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, друга насока (VII/1 степен т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа;<br>• Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, со македонски јазик друга насока (VII/1 степен т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа.<br>• Двопредметни студии, наставна насока: македонски јазик и англиски јазик; македонски јазик и француски јазик; македонски јазик и германски јазик (VII/1 степен т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС);<br>• Македонски јазик и друг јазик, наставна насока (VII/1 степен т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС). |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во Наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици**

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| II-A.1 | да разбере реченици и често употребувани фрази што се однесуваат на области од најнепосредна лична важност (како лични и семејни информации, потреби и интереси); |
| II-A.2 | да ја извлече главната поента во јасни, едноставни пораки, соопштенија, упатства, молби и сл.; |
| II-A.4 | да најде конкретни информации во текстови во реални материјали (на пример, реклами, проспекти, упатства, брошури, менија, возни редови и сл.) и да разбере куси едноставни пораки, со цел да се снајде во секојдневни ситуации; |
| II-A.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при |

| | |
|---|---|
| | што евентуалните неправилности не ја попречуваат комуникацијата; |
| II-A.7 | да користи најчесто употребувани искази и реченици кои произлегуваат од непосредното искуство и/или се однесуваат на теми и ситуации од непосреден интерес; |
| II-A.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| I-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и можноста за комунакација со припадници на различни културни/јазични групи; |
| I-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и почит за различни јазици и култури. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди:: **Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура** и **Уметничко изразување и култура**.

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/и се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешниото во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се |

| | |
|---|---|
| | однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн); |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-A.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротиставува на него; |
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-A.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/нea и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| Тема: **ЈАС, МОЕТО СЕМЕЈСТВО, ДОМОТ И МОИТЕ ПРИЈАТЕЛИ**<br>Вкупно часови: 22 | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. води формален и нефомален краток разговор употребувајќи соодветни модели на културно однесување.<br>2. се претставува себеси и членовите на своето пошироко семејство, домот и пријателите користејќи именки, придавки, соодветни форми од заменки и глаголот сум.<br>3. разликува, чита и пишува ракописни кирилични букви во зборови и кратки реченици.<br>4. го разбира значењето на определен број зборови и истите ги користи во соодветен контекст во неформален разговор (пријатели, членови на семејство, простории во домот). | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| а) Јазични функции:<br>• Поздравување, формален и неформален разговор (модели на културно однесување) *(Вие во 2.л.мн. во формална комуникација)*<br><br>Здраво/Добар ден, Добро утро/ Добровечер<br>Јас сум/тој е/Вие сте<br>Како си/Како сте?<br>Добро, благодарам<br>Повели/Повелете<br>Те молам/Ве молам | • Разликува и употребува изрази за поздравување и отпоздравување во зависност од соговорниците и ситуациите.<br><br>• Разликува и употребува изрази за поздравување користејќи 2.л.множина во обраќањето во формални разговори со возрасни во училиштето.<br><br>• Учествува во кус дијалог во кој ги претставува пријателите, соседите, членовите на семејството употребувајќи форми од глаголот сум во сегашно време, показни заменки, клитики за присвојност, именки и описни придавки. |

| | |
|---|---|
| • Претставување на пријателите<br>Здраво, јас сум Адријан. Ова е мојата пријателка Мелек. Таа има 10 години.<br>Кој е ова? Ова е/Тоа е<br>*Ова е Ема, таа е ученичка, таа е многу љубезна.*<br>*Ова е Ариф, тој е ученик, тој е петто одделение.*<br><br>• Претставување и опишување на членовите на поширокото семејството:<br>• Кој е ова/Ова е ....( *баба ми, дедо ми, братучед, братучетка, тетка, чичко*)<br><br>*Оваа жена е баба ми, таа е многу мила.*<br>*Ова дете е братучед ми Сафет, тој е мал.*<br><br>• Претставување на домот<br>*Ова е мојата куќа, мојата соба.*<br>*Ова е кујната и дневната соба, овие се спалните и бањата.* | • Прашува и одговара на прашања формулирајќи куси реченици поврзани со пријателите и семејството.<br><br>• Претставува домот и ги именува просториите во домот. |
| б) Лексички единици:<br>• Семејство, пријатели, дом - именки: другар, пријател, роднини, родители, братучед, внук, чичко, тетка, сосед/сосетка, маж, жена, дете, девојче, момче, сестра, брат; дом, дома, куќа, стан, дневна, спална, бања, кујна<br><br>• Придавки: висок, низок, стар, млад, љубезен, мил, | • Именува и набројува членови од потесното и поширокото семејство.<br><br>• Ги опишува членовите од поширокото семејство и пријателите користејќи именки и описни придавки (за физичкиот изглед или некоја особина). |

| | |
|---|---|
| добар, големо, мало, широко, тесно.<br>• Прилози: многу, малку<br>• Броеви до 20 и десетки до 100 | • Употребува соодветна лексика за претставување на домот. |
| в) Граматички структури:<br>• Лични заменки: *јас, ти, тој, ние, вие, тие*<br>• Клитики за присвојност *мајка <u>ми</u>/ дедо <u>ти</u> сестра <u>му</u>*<br>• Показни заменки: овој/ оваа/*ова/она/ тој/таа /тоа; овие/ оној/онаа/она/оние/тие*<br>• Прашални *заменки кој/која/кое/кои и што*<br>• Присвојни придавки: *мој, твој, наш, ваш, негов, нејзин*<br>• Форми на глаголот СУМ во сегашно време<br>• Исказни и прашални реченици | • Употребува лични заменки во разговор и меѓусебно комуницирање.<br>• Употребува показни заменки за посочување на лица и предмети кои се просторно различно оддалечени.<br>• Употребува фрази со користење на именки и клитики за присвојност изразувајќи односи во семејството.<br>• Поставува прашања и одговара на прашања користејќи ги прашалните заменки.<br>• Употребува показни заменки и присвојни заменски придавки при претставување и опишување.<br>• Користи форми на глаголот <u>сум</u> во сегашно време во соодветно лице и број во прашални и исказни реченици. |
| г) Пишување со ракописни кирилични букви | • Разликува и пишува ракописни кирилични букви.<br>• Користи ракописни кирилични букви за да го напише сопственото име и презиме, училиштето и да препише кратки дијалози.<br>• Пишува едноставни реченици. |
| д) Читање | • Чита зборови, реченици, дијалози и кратки текстови почитувајќи ја интерпункцијата и на крајот на реченицата. |
| г) Интеркултурни содржини:<br>• Свадба (брак, невеста, зет/младоженец, сватови, покани, честитки, подароци, торта) | • Опишува свадба и ги наведува учесниците (невеста, зет/младоженец, сватови)<br>• Употребува новоусвоени изрази/фрази за честитање брак. |

**Примери на активности:**

- Учениците се поздравуваат и отпоздравуваат во парови преземајќи различни улоги и менувајќи говорни ситуации: во продавница, при средби со возрасни и деца во соседството и слично.
- Учениците симулираат реални ситуации од училишниот живот, пример влегување во библиотека за да позајмат книга: *Добар ден, дали ја имате книгата ... од .... Да, благодарам, ве молам дајте ми ја.*
- Учениците носат фотографии од семејството и ги претставуваат според дадени модели: *Ова е братучетка ми Хана, таа има 15 години.*
- Учениците играат улоги по слушнат модел и се претставуваат себеси и своите пријатели користејќи лични заменки и форми од глаголот сум, пр. *Јас сум Адо Илјас, имам 10 години, ова е мојот пријател Бени. Ова е соседот Ќемал и неговата жена Сефа.*
- Учениците во парови опишуваат пријатели, а потоа ги претставуваат на цртеж.
- Учениците прават стрип со два/три мали цртежи илустрирајќи го својот дом или некој кој си го замислуваат.
- Учениците носат фотографии и на нив ги покажуваат релациите со членовите од семејството користејќи научени примери.
- Учениците преку фотографија или цртеж претставуваат некој свој близок и за него кажуваат неколку придавки кои се однесуваат на некои физички карактеристики или истакнуваат некоја особина.
- Учениците добиваат картички со називи на просториите во домот и ги подредуваат под соодветни илустрации.
- Учениците работат на работен лист со цртежи на кои тие ќе напишат кратки реплики со лични и показни заменки. *Пр. Здраво, јас сум Ана, ова е Том. Кои се оние деца? Тоа се Нора и Блерим.*
- Учениците според илустрации читаат и дополнуваат реченици со именки и клитики за присвојност. *Мајка ми е дома.*
- Учениците составуваат кус автентичен дијалог базиран на зададен модел и го изведуваат дијалогот пред целото одделение.
- Учениците се во мали групи играат „прашање и одговор“ – *Кој чита? Арбен чита. Кој пишува? Сара пишува. Што читате? Ние читаме книга.*
- Учениците добиваат картички со неколку сликички, илустрации од семејство, деца. Учениците ги именуваат и ги опишуваат. *Оваа жена е мојата мајка. Мајка ми е многу добра. Тоа е Блерим, тој е многу висок.*
- Учениците читаат реченици и бележат точно/неточно за искази во кои СУМ е употребен во соодветно лице и број. *Таа се петто одделение. Тие е голем. Јас сум ученик.*
- Учениците во групи играат *напиши го точниот збор*. Добиваат измешани букви, а таа која треба да е прва буква е потемнета. Пр. оливм – молив.
- Учениците препишуваат дијалог, се потпишуваат и си го разменуваат напишаното со другарчето за да ја проверат својата успешност.

- Учениците во парови составуваат едноставни (исказни) реченици кои ги добиле со измешан редослед. Откако ќе ги состават ги читаат правилно.
- Учениците добиваат слики од свадба (невеста и младоженец; свадбено оро, сечење торта, примање подароци) што ги користат за да ги именуваат учесниците и со куси реченици да опишуваат што се случува. Потоа, пишуваат текст за роденденска честитка.

Тема: **УЧИЛИШТЕ, МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ, ИНТЕРЕСИ И СЛОБОДНО ВРЕМЕ**

Вкупно часови: 30

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. го разбира значењето на слушнати лексички единици поврзани со училиштето, местото на живеење, слободните активности и реагира соодветно на нив (вербално и невербално).
2. води разговор и кратки дијалози во врска со местото на живеење, слободните активности користејќи соодветни лексички единици во усвоени модели.
3. набројува денови во неделата и кажува колку е часот.
4. одговара на прашања со *каде* и *кога*.
5. составува кратки реченици со правилна употреба на заменки (лични, показни заменки и прашални заменки*)*, придавки и именки во соодветен род и број и глаголски форми за сегашно време.
6. чита и разбира куси искази и/или куси дијалози поврзани со училиштето, местото на живеење и домот.
7. користи ракописни кирилични букви и правилно употребува голема буква при пишувањето.
8. брои до 20 и десетки до 100.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>• Претставување и опишување на училиштето, простории во училиштето, училницата, училишниот прибор<br>*Ова е бибилиотека, ова е спортска сала* | • Препознава и репродуцира информации од слушнат текст/дијалог/разговор поврзани со училиштето и местото на живеење.<br>• Набројува простории во училиштето и опишува предмети од училницата, училишниот прибор, местото на живеење.<br>• Кажува колку е часот и дневниот распоред на активности по часови. |

| | |
|---|---|
| • Прашања и одговори: колку е часот, дневен распоред на активности, денови во неделата: *станувам во...одам на училиште во...*<br>• Претставување на местото на живеење (*каде живееш, јас живеам на улица..., тој живее во...)*<br>• Интереси и активности кои ги посетува (*каде, кога, во колку часот...)*<br>• Броење до 20 и десетки до 100. | • Набројува свои интереси и активности кои ги посетува.<br>• Брои во различни контексти.<br>• Учествува во кус дијалог формулирајќи прашања и одговори кои содржат изучени лексички единици.<br>• Составува искази за училиштето, местото на живеење и активностите кои ги посетува. |
| б) Лексички единици:<br>• Простории во училиштето: сала, ходник, канцеларија, библиотека; елементи од училишниот прибор, предмети од училницата<br>• Место на живеење, град, село, улица и број, згради, куќи<br>• Денови во неделата, час<br>• Интереси и активности: хор, спорт, фудбал, драма клуб<br>• Броеви до 20 и десетки до 100 | • Ги набројува просториите и опишува предметите во својата училишна средина и училишниот прибор.<br>• Разликува значење на зборови кои се дел од непосредната околина и правилно ги употребува во исказ.<br>• Прашува и одговара во врска со адреса и место на живеење.<br>• Именува и набројува денови во неделата.<br>• Составува кратки искази со информација за час и ден.<br>• Ги репродуцира броевите до 20 и десетките до 100 во различни контексти. |
| в) Граматички структури:<br>• Лични заменки: јас, ти, тој, ние, вие, тие;<br>• Показни заменки: ова/она/ тоа; овие/оние/тие<br>• Прашални заменки чиј/чија/чие, што<br>   o *Чие е ова? Што е ова?*<br>• Присвојност со предлогот *на*<br>   o *Чиј е моливот? Моливот е на Љуљзим*<br>• Именки – општи именки, категорија род и број (училиште, училиштен инвентар и училиштен прибор, место на живеење, улица, број, адреса) | • Ги употребува заменките (лични заменки, показни и прашални) при обраќање и претставување.<br>• Ги употребува прашалните заменки со присвојните придавки (во вид на прашање и одговор).<br>• Прашува и одговара изразувајќи просвојност со предлогот *на*.<br>• Употребува именки од изучените теми во соодветна граматичка категорија род и граматичка категорија број.<br>• Опишува користејќи соодветни придавки: описни и материјални.<br>• Составува кратки изрази правилно користејќи го присвојните заменски придавки.<br>• Употребува глаголи во соодветно лице и број во сегашно време.<br>• Употребува предлози во кратки реченици. |

| | |
|---|---|
| • Описни придавки (големо, мало, мирно, добро, убаво,; придавки – (бои)<br>• Материјални придавки (дрвен стол, железна врата, стаклена чаша)<br>• Присвојни заменски придавки (мој, моја, мое, мои, твој/а/е/и, негов, нејзин, наш/а/е/и, ваш/а/е/и.<br>• Глаголи (употреба на глаголи од несвршен вид: чита, пишува, учи, сака, живее, игра, посетува; употреба на сум и има);<br>• Предлози: *до, на, во, со;*<br>• Прилози: *сега, денес, наутро, попладне, навечер; горе, долу*<br>• Реченица, проста реченица | • Употребува прилози за време и место во кратки реченици.<br>• Одговара на едноставни прашања поврзани со својата непосредна околина преку правилна примена на граматичките структури и основните реченични модели.<br>• Репродуцира и продуцира прости реченици и искази. |
| г) Читање и пишување | • Чита реченици и дијалози со правилна интонација во зависност од видот на реченицата.<br>• Пишува кратки реченици и дијалози, користејќи голема буква при пишување на имиња, на населени места и географски имиња |
| д) Интеркултурни содржини:<br>• Знаменитости во местото на живеење.<br>• Среќна Нова година | • Ги набројува знаменитостите во местото на живеење.<br>• Употребува изрази за честитање Нова Година и составува текст за честитка. |

**Примери на активности:**

- Учениците слушаат материјал за училишниот прибор, училишниот инвентар, називите на наставните предмети, а потоа ги репродуцираат лексичките единици. Наставникот потоа им дели илустрации на кои треба да ги напишат зборовите кои ги слушнале.
- Учениците во групи го опишуваат секој својот училиштен прибор, покажуваат и опишуваат со описни и материјални придавки: *дрвени боички, пластична розова острилка...*
- Учениците во пар ги набројуваат предметите во училницата и внимаваат на родот и бројот на именките и придавките: *има бела табла, дрвени столчиња, големи прозорци, кафена врата.*
- Учениците разговараат за својот дневен распоред: *станувам во... одам на училиште во ... пишувам домашна во...*

- Учениците се поделени во групи и разговараат за своите интереси: јас сакам ...
- Учениците симулираат различни дијалози: *Каде живееш ти? –Јас живеам на улица... Каде живее Сара? Таа живее ....*
- Учениците разговараат за активностите кои ги посетуваат: *Ти одиш на хор? Не, јас не одам на хор. Ти одиш на фудбал? Да, јас одам на фудбал? Кога одиш на фудбал? На фудбал одам во петок во 8 часот.*
- Учениците на наставен лист ги поврзуваат зборовите со предметите прикажани на илустрациите, потоа кажуваат кратка реченица за истото (*Приборот е црн. Моливот е зелен. Училиштето е големо. Училницата е мала*).
- Учениците запишуваат зборови од непосредната околина кои ги знаат (улица, куќа, адреса..), потоа ги менуваат со другарчето и кажуваат кратка реченица. Пр. *Твојата куќа е жолта. Улицата е голема.*
- Учениците во пар си поставуваат прашања и одговараат:*Ти живееш во стан? Не, јас живеам во куќа. Блерим живее во оваа куќа? Да, Блерим живее во оваа куќа.*
- Учениците добиваат картички со називите на деновите во неделата и ги подредуваат од понеделник до недела.
- Учениците во пар си поставуваат прашања: *Кој ден е денес? Денес е петок. Колку е часот? Сега е 10 часот.*
- Учениците во групи изработуваат хартиен часовник со стрелки кои се придвижуваат. Еден од групата кажува час, друг го покажува часот на часовникот. Сите од групата ротираат во улогите.
- Учениците во група подредуваат едно до друго картички со броеви и под нив картички на кои со збор се напишани броевите.
- Учениците разгледуваат стрип илустрација со познати ликови од цртаните, си поставуваат прашања користејќи различни форми од заменките, прашални и показни *Кој е ова? Ова е ... ?*
- Учениците симулираат дијалози со прашални заменки и присвојни придавки како прашања и одговор *Чие е ова? Тоа е мое.*
- Учениците се поделени во групи, во секоја група учениците оставаат по еден свој предмет на клупата. Прашуваат и одговараат изразувајќи присвојност со предлогот *на*: *Чие е пенкалото? Пенкалото е на Берта.*
- Учениците именуваат што знаат од илустрација на која има прикажано улица, училиште и станбени објекти и притоа внимаваат на правилната употреба на именските зборови.
- Учениците во пар добиваат неколку сликички со различни предмети и за нив запишуваат придавки кои одговараат.
- Учениците составуваат примери за изразување присвојност: *Таа е моја книга. Тоа е негов молив.*
- Учениците добиваат илустрации на кои треба да одговорат кој што прави, пр. Мерт пишува. Суат чита, Мелита игра. Кан и Изета учат.
- Учениците гледаат илустрација која наставникот ја споделува на смарт – таблата и составуваат куси искази употребувајќи ги предлозите соодветно, пр. *топката е до маса, моливот е на клупа.*
- Учениците се поделени во групи и играат игра, ученик од една група брои до сто употребувајќи ги само десетките, а ученик од друга група крие предмет во училницата. Ученикот кој броел го бара предметот, а соучениците од неговата група му даваат инструкции каде да бара: десно од прозорот, лево од вратата, горе, долу, на, до... Групите и улогите на учениците ротираат.
- Учениците играат *Бинго* со броеви при што наставникот им дели бинго картички со броевите до 20 објаснувајќи им ги правилата на

играта.Потоа еден ученик кажува броеви до 20, а другите ги пополнуваат бинго картичките. Ученикот кој прв ќе пополни еден ред извикува *Бинго*! и ги чита броевите од редот.

- Наставникот дава кус текст со испуштени зборови на тема: *активности, денови во неделата и час*, а учениците идентификуваат зборови и изрази дадени во контекст и ги запишуваат на соодветно место. *Пр. Одам на кошарка во сабота од 3 часот.*
- Учениците слушаат материјал на темата и репродуцираат и продуцираат прости реченици и искази.
- Учениците слушаат краток текст и потоа запишуваат две реченици што ги запомниле. Се проверуваат со другарчето дали правилно ги запишале зборовите во речениците.
- Учениците го запишуваат свое име и презиме, градот/селото во кое живеат, најблиската планина и најблиската река внимавајќи на употребата на голема буква.
- Учениците поделени во групи читаат текст заситен со лексика од темата. Во секоја група пишуваат по две прашања со *каде и кога* за текстот и ги одговараат. На крајот секоја група презентира.
- Учениците во разговор ги наведуваат и опишуваат знаменитостите во градот (споменици, верски објекти, археолошки места).
- Учениците составуват кратка пригодна честитка за Нова година.

| Тема: **НАШЕТО ТЕЛО, ЗДРАВЈЕ И ИСХРАНА**<br>Вкупно часови: 20 | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. го разбира значењето на слушнати лексички единици поврзани со деловите на телото и исхраната и реагира соодветно на нив (вербално и невербално).<br>2. ги набројува деловите од телото и главата.<br>3. води разговор и кратки дијалози во врска со исхраната користејќи соодветни лексички единици, именки и придавки, во соодветни категории род и број.<br>4. составува кратки реченици со правилна употреба на заменки (лични, показни заменки и прашални заменки), придавки и именки во соодветен род и број и глаголски форми за сегашно време.<br>5. пишува, чита и разбира куси искази и/или куси дијалози поврзани со здравјето и исхраната и одговара на прашања за нив. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| а) Јазични функции:<br>• Претставување на деловите од телото и делови на главата<br>*Ова е глава, рака-раце, нога-нозе, стапала или Таа има сини очи и црна коса.*<br>• Именување и претставување оброци и прехранбени продукти, овошја и зеленчуци<br>*Оброци: појадок, ручек, вечера.*<br>*Наутро јадам појадок.*<br>*За појадок сакам овошје.* | • Препознава и набројува делови од телото (користејќи показни заменки и именки и соодветни форми од сум во сегашно време).<br>• Препознава и набројува делови од главата.<br>• Именува и претставува оброци, прехранбени продукти, овошја и зеленчуци.<br>• Учествува во кус дијалог формулирајќи прашања и одговори кои содржат изучени лексички единици.<br>• Составува искази со соодветни јазични функции. |
| б) Лексички единици:<br>• Делови од телото, делови на главата (глава, | • Разбира значење на лексички единици за означување на делови од телото и главата. |

| | |
|---|---|
| рака, нога, стапало, очи, нос, уста)<br>• Оброци: појадок, ручек, вечера<br>• Овошје и зеленчук (овошја – јаболко, круша, банана, јагода, цреша и зеленчуци домат, пиперка, зелка, пченка, компир, ориз); други продукти (леб, млеко, месо, јајца) | • Разбира значење на лексички единици за означување на храна, овошје и зеленчук.<br>• Ги идентификува и разликува предвидените лексички единици кои означуваат различни прехранбени продукти, зеленчук и овошје.<br>• Посочува продукти означени како здрава храна.<br>• Составува куси искази со изучени лексички единици. |
| в) Граматички структури:<br>• Лични заменки: јас, ти, тој, ние, вие, тие;<br>• Показни заменки: ова/она/ тоа; овие/оние/тие<br>• Прашални заменки кој / што<br>• Именки – општи именки, категорија род и број кај именките: делови на телото, овошја, зеленчук, оброци)<br>• Описни придавки (големо, мало, вкусно, здраво; придавки – (бои)<br>• Присвојни заменски придавки (мој, моја, мое, мои, твој/а/е/и, негов, нејзин, наш/а/е/и, ваш/а/е/и.<br>• Глаголи (употреба на глаголи од несвршен вид: сака, јаде, игра; употреба на сум и има);<br>• Предлози: *до, на, во, за;*<br>• Прилози*: сега, денес, наутро, попладне, многу, малку* | • Ги применува заменките во соодветно лице и број сопоставувајќи ги со глаголите.<br>• Ги користи именките во соодветен род и број сопоставувајќи ги со соодветна придавка.<br>• Набројува и покажува делови од телото и главата користејќи лични заменки, именки и соодветни глаголски форми од сум и има.<br>• Употребува описни придавки за претставување на овошја и зеленчук.<br>• Употребува показни заменки и именки во соодветен род и број за претставување на здрава исхрана.<br>• Составува кратки реченици со правилна употреба на прилози.<br>• Составува кратки искази со предвидените лексички единици и во соодветни форми на глаголот (лице и број) на тема оброци и исхрана. |
| г) Читање со разбирање | • Чита правилно актецентирајќи ги зборовите.<br>• Одговара на едноставни прашања во врска со прочитан текст (кој, каде, кога). |
| д) Интеркултурни содржини:<br>• Традиционално јадење за | • Именува традиционални јадења на сите културни групи од нашата држава.<br>• Именува состојки за приготвување традиционални јадења. |

| појадок/ручек/вечера | |
|---|---|

**Примери на активности:**

- Учениците во пар си задаваат задачи: покажи рака, нога, глава, нос...Прво покажуваат, а потоа ги повторуваат зборовите и кратките реченици: Ова е ...
- Учениците работат во пар, си ги цртаат лицата и потоа си ги покажуваа деловите на главата.
- Учениците добиваат работен лист: цртаат вообичаен појадок, ручек, вечера и ги повторуваат трите лексеми: појадок, ручек, вечера.
- Учениците во пар добиваат картички со овошја и зеленчук, ги именуваат и опишуваат со една или повеќе придавки.
- Учениците си поставуваат прашања: Што е ова? Ова е јаболко, круша, домат, пиперка, зелка, грашок....
- Учениците во пар составуваат искази: *За вечера јадам... Наутро јадам...*
- Учениците ги поврзуваат и именуваат зборовите кои се однесуваат предметите прикажани на постерот, ги кажуваат и ги запишуваат.
- Учениците добиваат наставен лист со имиња на овошја и зеленчуци и мали сликички до нив кои треба да ги поврзат соодветно. Се проверуваат во пар.
- Изработуваат флаер за промовирање на здрава храна, цртаат здрава храна и пишуваат кратка порака.
- Едни ученици смислуваат квиз со прашања поврзани со темите кои ги изучуваат, а други одговараат на прашањата со точно/неточно
- Учениците добиваат наставен лист и на него на празните места во реченицата дополнуваат со заменката која недостасува или пак глагол кој треба да се стави во соодветно лице и број. *Јас многу <u>сакам</u> јаболко.*
- Учениците читаат кратки реченици и дополнуваат со соодветна придавка која ќе одговара на именката според род, број и значење *Таа сака големи црвени јаболка.*
- Учениците добиваат наставен лист, цртеж од тело, оставени се линии на кои на кои ќе ги напишат деловите од телото кои се означени.
- Учениците на цртеж со одредени овошја и зеленчуци запишуваат неколку придавки за да го опишат секое од нив ( здраво, вкусно, црвено...)
- Учениците добиваат нагледен материјал кој го сечат и бојат (овошје и зеленчук) и составуваат кратки реченици за да го претстават.
- На наставен лист со илустрација и збор се претставени овошја и зеленчуци, учениците обележуваат што сакаат со точно.
- Учениците составуваат кратки реченици со правилна употреба на прилози . (Наутро пијам сок)
- Учениците составуваат кратки искази со предвидените лексички единици и во соодветни форми на глаголите во сегашно време (лице и број) на тема оброци и исхрана. Пр. *Што сакаш да јадеш за ручек? Јас сакам...*
- Учениците читаат краток текст од 3-4 реченици и за истиот одговараат на кратки прашања - *кој* и *што* кажува во текстот.
- Учениците гледаат сегмент од видео материјал (тв емисија, материјал од интернет) за подготовка на некое традиционално јадење, пр. Тавче гравче. По следењето на материјалот се повторуваат зборовите и се репродуцираат кратки реченици во кои се наведуваат

| |
|---|
| состојките за приготвување на јадењето. |

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. При тоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс на основа на пол. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок на учениците за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците. Бидејќи во петто одделение по предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници ги совладуваат сите четири јазични вештини: слушање со разбирање, почетно читање со разбирање, говорење (говорна интеракција и продукција) и почетно пишување (писмена интеракција и писмена продукција), наставникот/наставничката ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во куси дијалози со примена на усвоениот вокабулар;

- вербално и невербално реагирање по слушнат исказ;
- читањето и разбирање на куси искази и куси дијалози, куси стихотворби;
- правилно пишување на зборови, куси реченици и куси дијалози, како и пишување по звучен модел - диктат;
- изработки (постери, илустрации, дневници);
- домашни задачи.

По завршување на учењето на секоја тема, учениците добиваат сумативна оценка во вид на опис на постигнатите стандарди за оценување. Сумативното оценување се користи во одредени периоди во наставната година и е поврзано со одредени периоди, крај на одделна тема, тримесечие, полугодие и бројчана оценка на крај на учебната година.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | 2022/2023 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по *Македонски јазик за учениците од другите заедници за V одделение*** | бр. ___________<br>________________ година |